Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот инспекторат за животна средина, донесе

**РЕШЕНИЕ**

1. По Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Здружение Институт за развој на заедницата, ул.Маршал Тито 96, 1200 Тетово, застапуван од барателот Сретен Коцески (застапник), заведено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.12-462/1 од 13.04.2022 година, **се дава целосен пристап до бараната информација.**

***Образложение***

До Државниот инспекторат за животна средина поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на Здружение Институт за развој на заедницата, ул.Маршал Тито 96, 1200 Тетово, застапуван од барателот Сретен Коцески (застапник), заведено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.12-462/1 од 13.04.2022 година. По разгледување на истото утврдено е дека се бараат акти од постапките за избор на кандидати за единствените две работни места по 2 јавни огласи кои започнале 2021 година, а се завршени во текот на 2022 година.

**Правa поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.
**Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.12-462/2 од 18.04.2022 година.**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер:
Дарко Блинков

Директор

М-р Сретен Стојковски


Државен инспекторат за животна средина
Република Северна Македонија

Палата "Емануел Чучков
"Ул. „Павел Шатев" бр. 2, кат 5, Скопје,
Република Северна Македонија

+389 71 214 730
www.sei.gov.mk